*Вера Коцо – судија на Врховен суд на Р.С.М. во пензија*

# Заштита на правото на сопственост според чл.1Протокол 1кон Европската конвенција за човекови права -принципи и стандарди на Европскиот суд за човекови права -

# Европската конвенција (ЕКЧП) Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)

- ЕКЧП -донесена во 1950 год. а во сила од 03.09.1953 год.
- ЕСЧП - воспоставен 21.01.1959 год
- претходно Европска комисија (1954)
- Од 11месец 1998, како постојано тело кое ги заменува дотогашните

# Европски суд за човекови права

- Супсидиарна улога
- Не преставува четврта инстанца

принципи:

- Владеење на правото
- Ефективна заштита
- Пропорционалност
- Еволутивно толкување (автономен принцип)

# Протокол 1 кон ЕКЧП

- Во сила од 18.05.1954 година
- Чл1 ст. 1 -непречено уживање на сопственоста за секое физичко и правно лице
- Забрана за лишување, освен во јавен интерес и услови определени со закон и општите принципи на меѓународното право

# Протокол1-чл.1ст.2

- Примена на закони,неопходни за контрола на користењето на сопственоста во согласност со општите интереси или
- обезбедување на плаќање на даноци,
- други придонеси или парични казни

# Екстензивно толкување на сопственоста

- Подвижни и недвижни ствари
- Акции во трговско друштво
- Права од интелектуална сопственост
- Надомест по основ арбитражни одлуки
- Утврдено право на пензија, интереси врзани за водење на некој бизнис
- Законски засновани побарувања, за кои постои легитимно очекување
- Не гарантира право за стекнување на имот

# легитимно очекување

- Мора да биде конкретно
- Да се темели на некоја законска одредба или правен акт кој се однесува на сопственичкиот интерес или
- воспоставена правна практика во судовите, но доколку постои расправа за точното толкување,не може да се смета за легитимно очекување

# Различни видови сопственост

- Деловна клиентела –економски интерес кој што има имотна вредност- случај Van Marle против Холандија
- Правосилна арбитражна одлука,побарувањето преставува имот– случај Stran Greek Refineries и други против Грција
- Лиценци и одобренија за водење на бизнис- одземањето како попречување на правото на мирно уживање- случај Donprut против Молдавија

# Други видови на сопственост

- Право на трговски марки- Anhojzer Bush против Португалија
- Заштита на правото на пензија како бенефиција ,но не како право на определена сума – случај Muller против Австрија

# Правила за заштита на сопственоста чл.1одПротоколот1

1. правило- мирно уживање на сопственоста од секое правно и физичко лице

2.правило- забрана за лишување од сопственоста, освен во јавен интерес

3.правило-контрола согласно општиот интерес,плаќање даноци, придонеси или парични казни

# Примена на правилата

1- дали постои правото на сопственост

2- дали има мешање на државата,дали е легитимно од аспект на јавниот или општиот интерес

3-дали постои пропорционалност помеѓу општиот интерес и интересот на поединецот

Взаемна примена на трите правила

# Анализа во врска со примената на правилата

- Случај- Sporrong и Lonnroth против Шведска во кој за прв пат е дадена целосна анализа на трите правила
- Случај –Loizidou против Турција,има континуирано прекршување на правото на мирно уживање бидејќи повредата продолжила и после ратификацијата на Конвенцијата, без можност за пристап до имотот. Нема лишување ниту контрола на употребата.

# Случај – Илиќ против Хрватска

- Судот го одбил барањето за заштита на сопственост со став дека правилата содржани во чл.1 од Протоколот 1не го опфаќаат правото на странски државјанин за стален престој во друга држава во која има свој имот.

# Попречување на сопственоста

- Лишување од мирното уживање и
- Контрола од страна на државата

Лишување со одземање се врши пренос на сопственоста (експропријација и национализација)

Контролата -ограничување на употребата без пренос на сопственоста( забрана за градба) и други мерки кои влијаат на правото на користење.

# Лишување од сопственост
# -второ правило -

- Формална експропријација (пренос на сопственоста)
- Фактичка експропријација(преземање на сопственоста без правна основа)

Случај-Papamichalopoulos против Грција

(без извршена формална експропријација

сопственоста била одземена)има повреда

Случај- Brumaresku против Романија (во

незаконита постапка за национализација одземена куќа) па вратена и повторно одземена- има повреда

# Контрола врз користењето како право на државата-трето правило

Примена на неопходни закони согласно општите интереси или

наплата на даноци или други придонеси и казни

лишување од сопственост како контрола

-Случај Hendiside против В. Британија

(одземање на книги -заштита на моралот)

-Случај Gasus Dosier против Холандија

(заплена на предмет како даночна мерка)

# Позитивни обврски преземање на неопходни мерки

- Случај Џугајева против Русија – непреземени мерки од државата во смисла на обезбедување на одземено возило и попис на предмети во истото.

Утврдена повреда -чл.1 од Протоколот 1

- Случај Хаџијска против Бугарија- оштетена куќа од поплава. Судот оценил дека државата не била во обврска да ја штити сопственоста на граѓаните од природни непогоди –нема повреда на чл.1 од Протоколот 1

# Случај Oneryildiz против Турција

Уништени куќи поради експлозија на метан од депонирано ѓубре во незаконито изградена населба.

Утврдена повреда од чл.1 од Протоколот 1 поради не дејствување на државата да ги заштити сопственичките интереси

на апликантот,бидејќи знаела за ризикот и не ги презела потребните мерки да ја отстрани опасноста.

# Начело на законитост

- Првото правило ,,право на мирно уживање на својата сопственост,,е потврдено со второто правило дека ,,лишувањето е возможно само поради јавен интерес и под услови предвидени со закон или принципи на меѓународ. право,,
- Ова начело опфаќа примена на закон, но и обврска за законита и соодветна постапка

# Начело на легитимна цел

- Секоја интервенција во сопственоста мора да биде во интерес на легитимната цел,базирана на јавниот или општиот интерес.
- Широк простор за проценка на јавниот и општиот интерес од страна на националните власти

Случај James и други против В. Британија

Одземање на сопственост со цел јакнење на соц.правда е во јавен интерес и нема повреда на чл.1од Протокол1

# Начело на правична рамнотежа

- Мешањето во правото на мирно уживање мора да биде во правична рамнотежа меѓу јавниот интерес и заштитата на поединецот,без негово прекумерно оптеретување.
- Тест за пропорционалност со цел да се оцени правичната рамнотежа помеѓу јавниот и приватниот интерес

# Случаи во врска со правичната рамнотежа

- Случај Hentrich против Франција- одземена куќа од даночните власти по право на првенствено купување,а истата била претходно купена од апликантката по пониска цена,бидејќи сметале дека е во прашање даночно затајување. Судот оценил дека понудената компензација е недоволна и нема легитимна цел при постоење и на други мерки за заштита ,поради што е утврдена повреда на чл.1од Протокол 1

# Случај Lithgow и други против В.Британија

- Национализирани акции на компаниите апликанти кои се бавеле со изградба на авиони и бродови. Се жалеле на неадекватен надомест и непропорционално мешање на државата. Судот се произнел дека не се гарантира право на целосен надомест кога се работи за легитимна цел од јавен интерес, како мерка на економска реформа или поголема социјална правда.

# Случај John и другиот против Германија

- Одземен имот од наследниците на лицата кои го добиле по пат на аграрна реформа, бидејќи бил донесен закон според кој наследници можеле да бидат само лица кои ја обработувале земјата.
- Судот оценил дека се работи за исклучителни околности кои настанале по обединувањето на двете германски држави и дека постои легитимна цел која властите ја оствариле во корист на јавниот интерес

# Реституција или правичен надомест

- Реституција или правичен надомест како можност за санирање на некоја неправда во зависност од реалната можност во дадени услови
- Донесување на закони кои го овозможуваат враќањето на имотот - нови имотни права заштитени со чл.1
- Закон за денационализација донесен во 1998 година
- Рамнотежа(општ и приватен интерес)

# Заштита од аспект на дискриминација

- Забрана за дискриминација (чл.14 од ЕКЧП)возможна само во врска со некое друго право заштитено со Конвенцијата
- Државните овластувања не смеат да бидат базирани на дискриминаторска основа
- Случај Marckh против Белгија –таа не можела слободно да располага со имотот во однос на своето дете како немажена мајка

# Случај Андрејева против Латвија

- Повреда на чл.14 во врска со чл.1 од Протоколот 1- апликантката одбиена од латвиските власти за пензија поради непризнавање на работен стаж во Советскиот сојуз пред 1991 година бидејќи немала латвиско државјанство.
- Случај Губерина против Хрватска- одбиено барање за ослободување од данок при купување на куќа за потребите на дете со тежок инвалидитет.

# Случаи од судската практика на ЕСЧП

Случај Ромева против Р.С.М. 12.12.2019г. Фондот за ПИО и признал право на пензија и таа ја примала 7 години,но по утврдена грешка во податоците и било укинато тоа право и задолжена да го врати примениот износ.Грешката ја направил фондот.ЕСЧП оценил дека има недозволено мешање во сопственоста согласно чл1 од Протоколот 1

# Џидровски против Р.М.и Веселиновски против Р.М.-2005г.

- Легитимно очекување за купување на станови по повластена цена,кое било повредено со одлуката на Врх. суд со која го изгубиле правото без оправдано објаснување во однос на претходната практика, што значи неоправдано попречување во непреченото уживање на сопственоста – повреда на чл.1 од Протоколот 1

# Викентијевиќ против Р.М. пресуда од 04.02.2014 год.

Поништено решението за денационализ. после 6 години, поради утврдени нерегуларности. Во управен спор Врх.суд ја одбил тужбата поради сторени повреди и неможност за извршување. ЕСЧП оценил дека нарушувањето на сопственоста било врз основа на Закон, имало легитимна цел, а незавршената постапка не дава преголем товар.

# Анев и Најдовски против Р.С.М. пресуда од 03.09.2020 год.

- За сторен прекршок согласно Законот за шумите изречена глоба , одземени дрвата и камионите на апликантите. ЕСЧП оценил дека одземањето е врз основа на закон и има легитимна цел, но одземањето на камионите како дополнителна санкција е преголем товар. Уважено барањето и досуден правичен надомест и трошоци.

# Стрезовски и други против Р.С.М.

Исклучени корисници од топлинска енергија, задолжувани да плаќаат надоместок. ЕСЧП оценил дека се работи за средство

за државна контрола над користењето на сопственоста и дека мешањето било законско

Наметнатата обврска се стремела кон легитимна цел. Врх.суд го ограничил обемот

на примена на овој принцип во зависност од фактичката состојба, но така не се постапувало,што значи државата не постигнала правична рамнотежа

# Авто Атом против Р.С.М.

Компанијата апликант била лишена од правото на одбивање на ДДВ, заради грешка направена од компанијата добавувач. Добавувачот бил прогласен за виновен за истиот временски период за кој апликантот од УЈП бил задолжен со даночно решение. ЕСЧП оценил дека не одбивањето на ДДВ било неоправдано како мерка за обезбедување на наплата на даноци,па била утврдена повреда на чл. 1 од Протоколот 1.

Ви благодарам

на вниманието !